ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
"СТРЕЖЕВО"
Бр. 04-424/8
30.07.2025 год.
БИТОЛА

Врз основа на Член 37-м од Законот за јавните претпријатија и Член 22 и 23 од Законот за работни односи, директорот на ЈП „Стрежево" Битола на ден 30.07.2025 година ја донесе следната

# О Д Л У К А
**за избор на кандидати по Јавен оглас 01/2025,**
**бр. 04-424/2од 10.07.2025 година**

Член 1

Согласно конечната ранг листа бр.04-424/7 од 30.07.2025 година, доставена од страна на Комисијата за селекција на кандидати, Директорот на претпријатието донесе Олука со која ги избра кандидатите по позиции по Јавниот оглас бр. 01/2025, бр. 04-424/2 од 10.07.2025 година, за вработување на 6 (шест) лица, даватели на услуги, на неопределено време, и тоа:

**За позиција бр. 1 (1 извршител) – Работник за одржување на цевковод,** КДР 03 05 Б03 169, Сектор за детална цевководна мрежа, Одделение за 1-ва делница, се избира :

- Александар Поповски

**За позиција бр. 2 (1 извршител) – Работник за одржување на цевковод,** КДР 03 05 Б04 031, Сектор за детална цевководна мрежа, Одделение за 2-ра делница, се избира :

- Илче Чокузовски

**За позиција бр. 3 (1 извршител) – Одржувач на цевковод,** КДР 03 05 В01 013, Сектор за детална цевководна мрежа, Одделение за 3-та делница, се избира :

- Ѓорги Ивановски

**За позиција бр. 4 (1 извршител) – Работник на главен доводен канал за зафатна градба и терен,** КДР 03 05 В01 013, Сектор за управување и регулација на Хидросистем, Одделение за контрола и одржување на Главен доводен канал и зафатни градби, се избира :

- Муамет Ајдиновски

**За позиција бр. 5 (1 извршител) – Диспечер – чувар на Алиментационен канал,** КДР 03 05 Б02 203, Сектор за зафаќање, акумулирање, заштита и мониторинг на води, Одделение за алиментационен канал "Пелистерски води":

- Менде Богданоски

**За позиција бр. 6 (1 извршител) - Машински техничар за хидроцентрали и ХМО,** КДР 03 05 Б02 217, Сектор за машинство и експлоатација на возила, Одделение за хидромеханичка опрема (ХМО), хидроцентрали и работилница со металорезачки машини, се избира :

- Николче Талевски

Член 2

Со избраните кандидати да се склучи Договор за вработување на неопределено време, по конечноста на Одлуката.

Член 3

Одлуката влегува во сила со донесувањето, а истата да се објави на интернет страницата и на огласната табла на претпријатието.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Од страна на ЈП „Стрежево" Битола, а врз основа на Одлуката за потреба од вработување на неопределено време бр.04-424/1 и Согласноста од Министерството за финансии бр. 19-6738/2 од 09.07.2025 година, наш бр. 04-366/3 од 10.07.2025 година, беше објавен Јавен оглас 01/2025 од 10.07.2025 година, во дневниот печат "Нова Македонија" "Слободен печат" и "Koha". По истиот пристигнаа Пријави од кандидати пропратени со бараните документи, за што следуваше разгледување на истите и селекција на кандидатите.

Согласно изготвената Конечна ранг листа на кандидати од страна на Комисијата за селекција бр.04-424/7 од 30.07.2025 година, Директорот на Претпријатието, согласно дадените овластувања ја донесе горенаведената Одлука.

Правна поука – Против оваа Одлука, незадоволните кандидати имаат право на жалба до Управниот одбор на ЈП „Стрежево" Битола, во рок од 8(осум) дена од денот на објавување на оваа одлука на интернет страницата и огласната табла на претпријатието.

Подговил: Билјана Ѓоргиева
Одобрил: Гоце Дамчевски

Директор
Вера Бешлиевска

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ "СТРЕЖЕВО" Битола